

# КАВАДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР

ИЗДАНИЕ БР. 66,
МЕСЕЦ ФЕВРУАРИ 2025

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

Во новиот информатор ќе пронајдете:
Најнови проекти, настани,
образование и друго.
Продолжете со читање !

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

АСФАЛТИРАЊЕ НА КРАЦИ ОД УЛ. „ДОМОВИЦА".
ОТКАКО БЕШЕ ИЗГРАДЕН ПОТПОРЕН ЅИД НА ОВИЕ КРАЦИ ОД УЛИЦАТА, ПОСТАВЕНА ВОДОВОДНА И КАНАЛИЗАЦИОНА МРЕЖА, СЕ ПРИСТАПИ КОН КОМПЛЕТНО АСФАЛТИРАЊЕ ВО ДОЛЖИНА ОД 300МЕТРИ.
ЗА УБАВО КАВАДАРЦИ



ВО ТЕК Е ПОПЛОЧУВАЊЕ НА ЛОКАЛЕН ПАТ ВО НАСЕЛБА БРУШАНИ, ТИКВЕШКО ЕЗЕРО НА ПОВРШИНА ОД 3000М2, КАКО ДЕЛ ОД ДОГОВОРОТ ЗА ПОПЛОЧУВАЊЕ НА ПОВЕЌЕ СЕЛА.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ПАВЕР ТРЕЈД.





ПОПЛОЧУВАЊЕ НА ТРОТОАР НА ПОВРШИНА ОД 380М2 НА БУЛЕВАР „МОША ПИЈАДЕ" ОД ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2024 ГОДИНА.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.





СЛУЖБИ ОД ОПШТИНА КАВАДАРЦИ РАБОТЕА НА ПОСТАВУВАЊЕ НА НОВИ 40 ПЛАСТИЧНИ СТОЛБЧИЊА НА МЕСТОТО НА ОШТЕТЕНИТЕ, ОКОЛУ 250 ГУМЕНИ ТОПКИ И 5 СФЕРНИ ОГЛЕДАЛА ЗА СМИРУВАЊЕ НА СООБРАЌАЈОТ НА НОВИ ЛОКАЦИИ НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНАТА.







# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ПРВО ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ВО МАКЕДОНИЈА, ЈП КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ КОЕ ДОБИ ЛИЦЕНЦА Б ЗА ИЗВЕДБА НА ГРАДБИ ОД ВТОРА КАТЕГОРИЈА ИЗДАДЕНА ОД СТРАНА НА МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ. ОВА Е ДОКАЗ ДЕКА ЈП КОМУНАЛЕЦ ИМА СТРУЧЕН КАДАР, МОДЕРНА МЕХАНИЗАЦИЈА И КОНТИНУИРАНО РАБОТИ НА ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА РАБОТА КАКО И КВАЛИТЕТОТ НА ИЗВЕДЕНИТЕ РАБОТИ.



АСФАЛТИРАЊЕ НА КРАЦИ ОД УЛ. „ДОМОВИЦА".
ОТКАКО БЕШЕ ИЗГРАДЕН ПОТПОРЕН ЅИД НА ОВИЕ КРАЦИ ОД УЛИЦАТА, ПОСТАВЕНА ВОДОВОДНА И КАНАЛИЗАЦИОНА МРЕЖА, СЕГА СЕ ПРИСТАПИ КОН КОМПЛЕТНО АСФАЛТИРАЊЕ ВО ДОЛЖИНА ОД 300 МЕТРИ.
ЗА УБАВО КАВАДАРЦИ





ГРАДЕЖНАТА ГРУПА НА Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ ИНТЕРВЕНИРАШЕ СО РАСЧИСТУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД УЛ. „ДИМЕ ПОЦЕВ", ОДНОСНО ВРШЕШЕ ИСКОП И САНИРАЊЕ НА ДЕФЕКТОТ НА КАНАЛИЗАЦИОНАТА ЛИНИЈА КОЈ ДОСЕГА НЕ БЕШЕ РЕШЕН ПОРАДИ НЕДОСТАПНОСТ НА ТЕРЕНОТ.





ОТКАКО ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА ПРИСТАПИ КОН РЕГУЛАЦИЈА НА РЕЧНОТО КОРИТО НА РЕКАТА ЛУДА МАРА НА ЛОКАЦИЈА ОД МОСТОТ НА БУЛЕВАР ВИДОЕ СМИЛЕВСКИ ДО МОСТОТ НА СЕВЕРЕН БУЛЕВАР, Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ СО СОПСТВЕНА ИНВЕСТИЦИЈА ИЗВРШИ КОМПЛЕТНА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА КАНАЛИЗАЦИОНА ЛИНИЈА ВО ДОЛЖИНА ОД 100 МЕТРИ НА ОБЈЕКТИТЕ КОИ БЕА ДИРЕКТНО ВКЛУЧЕНИ ВО РЕЧНОТО КОРИТО И НЕМАА ПОЕДИНЕЧНА КАНАЛИЗАЦИЈА.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ОД СТРАНА НА ВРАБОТЕНИ ПРИ ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, ПРЕТСТАВНИЦИ ОД СТРАНА НА ЗДРУЖЕНИЕТО ЕКО ЖИВОТ И СОЗШУ ЃОРЧЕ ПЕТРОВ, А ВО СОРАБОТКА СО НАЦИОНАЛНИ ШУМИ, ПОДРУЖНИЦА БОР КАВАДАРЦИ, НА ГЛИШИЌКИ РИД СЕ ИЗВРШИ ПОШУМУВАЊЕ НА 900 САДНИЦИ НА ЧЕМПРЕС, ЈАСЕН И БАГРЕМ.
ЗА УБАВО И ЗЕЛЕНО КАВАДАРЦИ!





ВО ТЕК Е РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО СЕЛО ДАБНИШТЕ. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА РМК ГРАДБА ОД СТУДЕНИЧАНИ. ВКУПНАТА ВРЕДНОСТ ИЗНЕСУВА 10 402 714 ДЕНАРИ, ОД КОИ 3 000 000 ДЕНАРИ СЕ ИНВЕСТИЦИЈА НА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ, А ОСТАНАТИОТ ИЗНОС ОД 7 402 714 ДЕНАРИ, Е ИНВЕСТИЦИЈА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.




ОД СТРАНА НА ЈП КОМУНАЛЕЦ, ИСЧИСТЕНА Е ДИВАТА ДЕПОНИЈА НА ПАТОТ ДО ХЕЦ ТИКВЕШ.
ЗА ПОУБАВО И ПОЧИСТО КАВАДАРЦИ!




ЈП КОМУНАЛЕЦ СО НИЗА НА ПОВЕЌЕ АКТИВНОСТИ, РАБОТЕШЕ НА УЛИЦА ДИМЕ ПОЦЕВ, КАДЕ Е ВО ТЕК РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА СО ДИЈАМЕТАР НА ЦЕВКА ДН 250. ИСТО ТАКА СЕ ПОСТАВУВААТ ПРИКЛУЧОЦИ ЗА ВОДА ВО НАСЕЛБА БРУШАНИ, КАКО И СЕ ВРШИ ПОСТАВУВАЊЕ НА ИВИЧЊАЦИ НА УЛИЦА ЃОРЃИ СУГАРЕ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ВО ТЕК Е ИЗГРАДБАТА НА НОВАТА ВЕЛОСИПЕДСКО-ПЕШАЧКА ПАТЕКА ГЛИШИЌ-МАРЕНА, ВО ВКУПНА ДОЛЖИНА ОД 854 МЕТРИ. ВО СКЛОП НА ПАТЕКАТА СЕ РАБОТИ НА ИЗВЕДБА НА ПОТПОРЕН ЅИД ЗА ПОБЕЗБЕДНО ДВИЖЕЊЕ. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.
КВАДАРЦИ ЗА СИТЕ!





ПО БАРАЊЕ НА ЧЛЕНОВИ ОД СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ ИЗРАБОТИ ЗАШТИТНА ОГРАДА – РУКОХВАТ, НА СКАЛИ НА ГРАДСКИ ПАРК КАВАДАРЦИ СО ЦЕЛ ДА ИМ СЕ ОЛЕСНИ ДВИЖЕЊЕТО НА ГРАЃАНИТЕ.





ПОПЛОЧУВАЊЕ НА ТРОТОАРИТЕ НА ДЕЛ ОД УЛИЦА „ШИШКА" КАДЕ ШТО ПРЕТХОДНО БЕШЕ ПРОШИРЕНА И АСФАЛТИРАНА ВО ДОЛЖИНА ОД 500МЕТРИ. ИНВЕСТИЦИЈА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО ВИСИНА ОД 12.000.000,00 ДЕНАРИ ПО ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ОД 2024 ГОДИНА.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ЕСКАВАТОРИ МК.







НОВО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ ВО МЕСТО ВИКАНО "МОДРИ СТЕНИ" ВО НАСЕЛБА БРУШАНИ, ТИКВЕШКО ЕЗЕРО. ОСВЕТЛУВАЊЕТО Е СО 14 ЛЕД СВЕТИЛКИ СО МОЌНОСТ ОД 30W И ИСТОТО Е ДЕЛ ОД ТЕНДЕРОТ ЗА ПРОШИРУВАЊЕ НА НАДЗЕМНИ УЛИЧНА МРЕЖА ВО ВРЕДНОСТ ОД 900.000,00 ДЕНАРИ.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА КОД ИНЖЕНЕРИНГ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

СЕЛО ВОЗАРЦИ ДОБИ СПОРТСКА САЛА!

ВО ПРИСУСТВО НА ПРЕМИЕРОТ ХРИСТИЈАН МИЦКОСКИ И МИНИСТЕРОТ ЗА ТРАНСПОРТ АЛЕКСАНДАР НИКОЛОСКИ, КАКО И ГОЛЕМ БРОЈ ЖИТЕЛИ, ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ЈА ПУШТИ ВО УПОТРЕБА НОВОИЗГРАДЕНАТА СПОРТСКА САЛА ВО СЕЛО ВОЗАРЦИ СО ПОВРШИНА ОД 500 М/2.

ВО ОБЈЕКТОТ КОЈ Е ВО РАМКИТЕ НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ, СЕ НАОЃААТ СОБЛЕКУВАЛНИ, ТОАЛЕТИ И ПРОСТОРИЈА ЗА НАСТАВНИЦИТЕ.

ПЛАНИРАНО Е СО ОВА ДА СЕ ПОДОБРИ КВАЛИТЕТОТ НА НАСТАВАТА ПО ФИЗИЧКО, КАКО И РАЗВОЈОТ НА УЧИЛИШНИОТ И РЕКРЕАТИВНИОТ СПОРТ.









Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ ЗАПОЧНА СО РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛ. „ТИКВЕШКА" ТРЕТ ОБЈЕКТ ОД ПРОГРАМАТА ЗА ОВАА ГОДИНА.

РЕКОНСТРУКЦИЈА ОПФАЌА КОМПЛЕТНА ЗАМЕНА НА КАНАЛИЗАЦИОНАТА ЛИНИЈА СО НОВИ ЦЕВКИ Ф 250 ВО ДОЛЖИНА ОД 60 МЕТРИ, ИНВЕСТИЦИЈА НА ЈП КОМУНАЛЕЦ, А БЕТОНИРАЊЕТО НА ИСТАТА ЌЕ БИДЕ ОД ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА!





Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ РАБОТИ НА ГОЛИ ОТОК, НА УЛ. „ДИМЕ ПОЦЕВ", НА ВТОРА УЛИЦА, КАДЕ ЗАПОЧНУВААТ ПОДГОТОВКИТЕ ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ПО ПРОГРАМАТА НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ГО ИСПЛАТИ И ВТОРИОТ ДЕЛ ОД ПЛАНИРАНИТЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ВО ВИСИНА ОД 2.600.000, 00 ДЕНАРИ НАМЕНЕТИ ЗА СИТЕ ИНДИВИДУАЛНИ И КОЛЕКТИВНИ СПОРТОВИ ПРЕДВИДЕНИ ВО ПРОГРАМАТА ЗА СПОРТ И МЛАДИ ЗА 2024 ГОДИНА ПО ПРЕТХОДНО ПОДНЕСЕНО БАРАЊЕ. ГОРДИ СМЕ НА СИТЕ УСПЕСИ ОД СИТЕ СПОРТИСТИ И СПОРТСКИ КЛУБОВИ. СЕ НАДЕВАМЕ ДЕКА СО ОВА ЌЕ ГИ ПОТТИКНЕМЕ ЗА УШТЕ ПОГОЛЕМИ УСПЕСИ. ЗАТОА ШТО ТИЕ СЕ НАШИ АМБАСАДОРИ, НАШАТА ГОРДОСТ И СЕКОГАШ ЌЕ ЈА ИМААТ НАШАТА ПОДДРШКА.



АСФАЛТИРАЊЕ НА ЛОКАЛЕН ПАТ РЕСАВА-КОСОВЕЦ!

АСФАЛТИРАЊЕТО НА ЛОКАЛЕН ПАТ ОД СЕЛО РЕСАВА ДО М.В КОСОВЕЦ, НА ПОВРШИНА ОД 1400М2, И ИСТИОТ ОПФАЌАШЕ ОДВОДНУВАЊЕ, ТАМПОНИРАЊЕ И АСФАЛТИРАЊЕ. КАПИТАЛЕН ПРОЕКТ КОЈ Е ИНВЕСТИЦИЈА ОД ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.





ЧИСТЕЊЕ НА ДИВА ДЕПОНИЈА ВО СЕЛО ДРЕНОВО.





СЕ ПРОДОЛЖУВА СО ИЗГРАДБА НА ПОТПОРЕН ЅИД НА УЛ. „25 МАЈ" ЗА ЦЕЛОСНО ОФОРМУВАЊЕ НА КРАК ОД УЛИЦАТА, СО ШТО НА ГРАЃАНИТЕ БИ ИМ СЕ ОВОЗМОЖИЛ ПОДОБАР ПРИСТАП ДО СВОИТЕ ДОМОВИ.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ И ОВА ВО СКЛОП НА КОМУНАЛНАТА ИЗГРАДБА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ ЗАВРШИ СО РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛ. „ТИКВЕШКА" ТРЕТ ОБЈЕКТ ОД ПРОГРАМАТА ЗА ОВАА ГОДИНА.
РЕКОНСТРУКЦИЈА ОПФАЌАШЕ КОМПЛЕТНА ЗАМЕНА НА КАНАЛИЗАЦИОНАТА ЛИНИЈА СО НОВИ ЦЕВКИ Ф250 ВО ДОЛЖИНА ОД 60 МЕТРИ, ИНВЕСТИЦИЈА НА ЈП КОМУНАЛЕЦ, А БЕТОНИРАЊЕТО НА ИСТАТА Е ОД ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА!



СЕЛО СОПОТ ДОБИВА СПОРТСКА САЛА!
ВО ЗАВРШНА ФАЗА Е ИЗГРАДБАТА НА СПОРТСКАТА САЛА ВО СЕЛО СОПОТ КОЈА Е СО КОРИСНА ПОВРШИНА ОД 400М2. ИНВЕСТИЦИЈА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО ВИСИНА ОД 22.000.000 ДЕНАРИ.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.





РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПАТ ДАБНИШТЕ– РЕСАВА
РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПАТ ШТО ВОДИ КОН СЕЛО ДАБНИШТЕ ВО ДОЛЖИНА ОД 3300МЕТРИ И НА ПОВРШИНА ОД 13.400М ПОСТОЕЧКИ МЕЃУТОА УНИШТЕН ПАТ И ЗАТОА СЕГА СЕ ПРИСТАПУВА КОН КОМПЛЕТНО ВАДЕЊЕ НА СТАРИОТ АСФАЛТ ПО ШТО СЛЕДУВА ПОСТАВУВАЊЕ НА ЦЕВАСТИ ПРОПУСТИ И КОМПЛЕТНО АСФАЛТИРАЊЕ.
ИНВЕСТИЦИЈА ОД ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ВИСИНА ОД 25.200.000,00 ДЕНАРИ СО ДДВ. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.







Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ ПРОДОЛЖУВА СО РЕАЛИЗАЦИЈА НА СВОЈАТА ПРОГРАМА. СЕ РАБОТЕШЕ НА КОМПЛЕТНА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЧЕТВРТИОТ ОБЈЕКТ НА УЛ. „ЦРНОРЕЧКА" КОЈА ОПФАЌАШЕ РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ВОДОВОДНАТА ЛИНИЈА СО ПЕ ЦРЕВО Ф63 И КОМПЛЕТНИ ПРИКЛУЧОЦИ ДО БРОИЛОТО.







# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ИЗВЕДБА НА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА НА УЛ. „КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ ПО ШТО СЛЕДУВА И БЕТОНИРАЊЕ НА ИСТАТА. ИНВЕСТИЦИЈА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, ПО ПРОГРАМАТА ЗА 2024 ГОДИНА.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.





ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО ЦЕЛОСТ ГИ ИСПЛАТИ ПЛАНИРАНИТЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ВО ВИСИНА ОД 2 МИЛИОНИ ДЕНАРИ НАМЕНЕТИ ЗА СИТЕ ЗДРУЖЕНИЈА И НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ, ЗА 2024 ГОДИНА ПО ПРЕТХОДНО ПОДНЕСЕНО БАРАЊЕ. ГОРДИ СМЕ НА СИТЕ УСПЕСИ ОД НЕВЛАДИНИОТ СЕКТОР И ОЧЕКУВАМЕ УШТЕ МНОГУ РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИ. СЕ НАДЕВАМЕ ДЕКА СО ОВА ЌЕ ГИ ПОТТИКНЕМЕ ЗА УШТЕ ПОВЕЌЕ И УШТЕ ПОГОЛЕМИ УСПЕСИ.



НА НИВО НА ОПШТИНА, ОВР КАВАДАРЦИ БЕЛЕЖИ УСПЕШНИ РЕЗУЛТАТИ ВО ПРОЦЕНТОТ НА НАМАЛУВАЊЕТО НА ПРЕКРШОЦИТЕ ОД НАШИТЕ СОВЕСНИ ГРАЃАНИ, МАЛ БРОЈ НА СООБРАЌАЈНИ НЕЗГОДИ, ПОВРЕДИ И ЖРТВИ. ПРОФЕСИОНАЛНОСТА, СТРУЧНОСТА И ОДГОВОРНОТО РАБОТЕЊЕ НА ТИМОТ НА ОВР КАВАДАРЦИ ПРИДОНЕСУВА КОН ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСТА И СИГУРНОСТА НА НАШИТЕ ГРАЃАНИ.

РЕКОНСТРУИРАН Е КРОВОТ НА О.О.У „ТОШО ВЕЛКОВ ПЕПЕТО“.
ОВАА РЕКОНСТРУКЦИЈА ОПФАЌАШЕ ЗАМЕНА НА СТАРИОТ КРОВЕН ПОКРИВАЧ ОД АЗБЕСТ, ЦЕМЕНТНИ ТАБЛИ СО НОВ ПОКРИВАЧ ОД СЕНДВИЧ ПАНЕЛ СО ИСПОЛНА ОД МИНЕРАЛНА КАМЕНА ВОЛНА. ИНВЕСТИЦИЈА ОД МОН, А ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ИБО ОД ПРИЛЕП.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ЗАВРШИ АСФАЛТИРАЊЕТО НА ЛОКАЛЕН ПАТ РЕСАВА-КОСОВЕЦ!
АСФАЛТИРАЊЕ НА ЛОКАЛЕН ПАТ ОД СЕЛО РЕСАВА ДО М.В КОСОВЕЦ, НА ПОВРШИНА ОД 1400М2, И ИСТИОТ ПРЕТХОДНО ОПФАЌАШЕ ОДВОДНУВАЊЕ И ТАМПОНИРАЊЕ. КАПИТАЛЕН ПРОЕКТ КОЈ Е ИНВЕСТИЦИЈА ОД ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ДОДЕКА ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.







ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО СОРАБОТКА СО ЛЕКСУС И ДЕЛ ОД МАРКЕТИТЕ ПОСТАВИЈА ВКУПНО 60 ТИПИЗИРАНИ КОНТЕЈНЕРИ (КАФЕЗИ) ЗА СЕЛЕКЦИЈА НА ХАРТИЈАТА КОИ СЕ СООДВЕТНО ОЗНАЧЕНИ И ЗА ЕДНА ГОДИНА ИМАМЕ СОЛИДНИ РЕЗУЛТАТИ НА КОЛИЧИНИТЕ НА СЕЛЕКТИРАНА ХАРТИЈА А ВОЕДНО И ПОМАЛКУ ОТПАД НА ГРАДСКАТА ДЕПОНИЈА. ВО ПРВАТА ФАЗА ОВАА ГОДИНА ОПФАТЕНИ БЕА И 70 ДОМАЌИНСТВА КОИ ДОБИЈА ДОПОЛНИТЕЛНА КАНТА ЗА СЕЛЕКЦИЈА НА ОТПАД (ХАРТИЈА, ПЛАСТИКА И СТАКЛО) КАДЕ ШТО ИМАМЕ ЗАДОВОЛИТЕЛНИ РЕЗУЛТАТИ И ОВОЈ ТРЕНД СЕ ПЛАНИРА ДА СЕ ПРОДОЛЖИ И ДА СЕ ПРОШИРУВА ОПФАТОТ ТАКА ДА СЕКОЕ ДОМАЌИНСТВО ДОБИЕ ДОПОЛНИТЕЛНА КАНТА ЗА СЕЛЕКЦИЈА НА ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ.ЗА ЕДНА ГОДИНА СЕЛЕКТИРАНИ И СОБРАНИ СЕ ВКУПНО 110 ТОНИ ХАРТИЈА, 2 ТОНИ ПЛАСТИКА ОД СТРАНА НА СОБИРАЧОТ ЛЕКСУС И 300 ТОНИ СТАКЛО ОД СОБИРАЧОТ ВЕТРО ГЛАС, ОДНОСНО ВКУПНО 430 ТОНИ СЕЛЕКТИРАН ОТПАД ШТО ЗНАЧИ ПОМАЛКУ ОТПАД НА ГРАДСКАТА ДЕПОНИЈА. СО ОВА СЕ ПРАВИ ГОЛЕМ ИСЧЕКОР ВО ПОСТАПУВАЊЕТО СО ОТПАД ОДНОСНО ПРАВИЛНО СЕЛЕКТИРАЊЕ ШТО ПРИДОНЕСУВА ДО ПОЧИСТА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРАВИЛНО УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАДОТ.

ИЗГРАДБА НА ПРАВОАГОЛЕН АТМОСФЕРСКИ КАНАЛ НА УЛ. „ЌИРО АРСОВ"ВО ДОЛЖИНА ОД 76 МЕТРИ, ЗА КАНАЛИЗИРАЊЕ НА АТМОСФЕРСКАТА ВОДА. ОВОЈ ПРОЕКТ Е ОД ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2024 ГОДИНА СО ЗАЕДНИЧКИ ДОГОВОР ЗА ИЗГРАДБА НА ТАЛОЖНИЦИ НА УЛИЦИТЕ ДИМЕ ЧЕКОРОВ И РИСТО ЃОНДЕВ.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.





# НАСТАНИ

КАВАДАРЦИ Е УБАВ, ЗЕЛЕН И СПОРТСКИ ГРАД!
ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ, ВО ПРИСУСТВО НА МИНИСТЕРОТ ЗА СПОРТ БОРКО РИСТОВСКИ ОФИЦИЈАЛНО ГИ ПУШТИ ВО УПОТРЕБА ДВЕТЕ НОВИ СПОРТСКИ ИГРАЛИШТА, ФУДБАЛСКО И КОШАРКАРСКО КОИ СЕ ВО СКЛОП НА СОУ „КИРО СПАНЏОВ БРКО“. СО ОВА, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ УШТЕ ЕДНАШ ДОКАЖА ДЕКА МЛАДИТЕ МОЖЕ ДА СПОРТУВААТ, ДА СЕ ДРУЖАТ И ДА СОЗДАВААТ СПОМЕНИ ЗА ПАМЕТЕЊЕ ВО ОДЛИЧНИ СПОРТСКИ УСЛОВИ. УНАПРЕДУВАЊЕ НА УЧИЛИШНИОТ СПОРТ И ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЧАСОВИТЕ ПО ФИЗИЧКО И ЗДРАВСТВЕНО ОБРАЗОВАНИЕ, НО И РЕКРЕАТИВНО ЗА СИТЕ ГРАЃАНИ КОИ САКААТ ДА ОДРЖУВААТ ЗДРАВ ДУХ СЕ ПРИОРИТЕТИТЕ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ И ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.







А СОНЦЕТО НАД ПАДИНИТЕ НА КОЖУВ ПЛАНИНА БЕШЕ ИДЕАЛНО ЗА СИТЕ СКИЈАЧИ И РЕКРЕАТИВЦИ КОИ БЕА ПОСЕТИТЕЛИ НА СКИ ЦЕНТАР МИХАЈЛОВО!
СКИЈАЊЕ ИЛИ НА ВКУСНА ХРАНА И ПИЈАЛОЦИ ВО ПРЕКРАСНАТА АТМОСФЕРА НА БАЧИЛО БАР
СКИ ЦЕНТАР "МИХАЈЛОВО"







# НАСТАНИ

ВО РАМКИ НА ПРОЕКТОТ 'ONCE UPON A TIME IN NATURE' КОЈ ГО СПРОВЕДУВА СППМД ЗАЕДНИЧКИ СО ПАРТНЕРИ ОД ИРСКА, ШВЕДСКА И СРБИЈА, ПОСЛЕ ПРВИЧНИОТ СОСТАНОК ВО ИРСКА, ПРЕТСТАВНИЦИТЕ ОД ПАРТНЕРСКИТЕ УЧИЛИШТА И ОРГАНИЗАЦИИ ПРЕСТОЈУВАА ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ. ДЕЛ ОД НИВНАТА АГЕНДА БЕШЕ И ПОСЕТА НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА СО ЦЕЛ ДА СЕ ЗАПОЗНААТ СО ТЕХНИКИТЕ И МЕТОДОЛОГИИТЕ КОИ СЕ КОРИСТАТ ВО РАБОТАТА НА ОБРАЗОВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ. ПОКРАЈ ПОСЕТАТА НА ОПШТИНАТА, ТИЕ ПОСЕТИЈА И ПРЕДУЧИЛИШНИ УСТАНОВИ, ОСНОВНИ И СРЕДНИ УЧИЛИШТА ОД КАВАДАРЦИ И НЕГОТИНО, МЛАДИНСКИОТ ЦЕНТАР ВО КАВАДАРЦИ, КАКО И ПОВЕЌЕ КУЛТУРНИ ИНСТИТУЦИИ ВО НАШИОТ РЕГИОН. ПРОЕКТОТ ИМА ЗА ЦЕЛ:

- ДА РАЗВИЕ ИНОВАТИВЕН МЕТОД НА ПРЕДАВАЊЕ ЗА НАСТАВНИЦИТЕ СО КОРИСТЕЊЕ НА МЕТОДОЛОГИЈА ЗА РАСКАЖУВАЊЕ ПРИКАЗНИ ВО ПРИРОДА
-ДА РАЗВИЕ ЛИНГВИСТИЧКИ КОМПЕТЕНЦИИ КАЈ ДЕЦАТА И МЛАДИТЕ ЗА РАЗБИРАЊЕ И ПОЧИТУВАЊЕ НА ПРИРОДАТА
- ДА СЕ ПОДИГНЕ СВЕСТА ЗА ВАЖНОСТА ОД НАСТАВА ВО ПРИРОДА И КОРИСТЕЊЕ ЕКОЛОШКИ МАТЕРИЈАЛИ ДОДЕКА СЕ РАСКАЖУВА
- ДА СЕ УНИФИЦИРААТ МЕТОДИТЕ НА РАСКАЖУВАЊЕ ПРИКАЗНИ, ДА СЕ СПОДЕЛАТ ДОБРИ ПРАКТИКИ И ДА СЕ РАЗВИЈАТ СТРАТЕШКИ ПАРТНЕРСТВА ПОМЕЃУ ПАРТНЕРИ ОД РАЗЛИЧНИ ЗЕМЈИ.








КОМИСИЈАТА ЗА МЕСНА САМОУПРАВА ПРИ СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ НАПРАВИ ИЗБОР НА НОВИ ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТ НА МЕСНА ЗАЕДНИЦА "ШЕШКОВО". ЗА ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТ НА МЕСНА ЗАЕДНИЦА "ШЕШКОВО" ИЗБРАНИ СЕ БОГЕ АПОСТОЛОВ, ИЛИЈА МАНЕВ, ГОЦЕ АНЃЕЛОВСКИ, ЗОРАН СОКОЛОВСКИ И ЃОКО ТРИПУНОВ. ОД СТРАНА НА НОВОИЗБРАНИОТ СОВЕТ НА МЗ "ШЕШКОВО" БЕШЕ ПРЕДЛОЖЕН И ЕДНОГЛАСНО ИЗБРАН БОГЕ АПОСТОЛОВ ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА МЕСНА ЗАЕДНИЦА "ШЕШКОВО".





# НАСТАНИ

ВО ПРОСТОРИИТЕ НА ГОЛЕМАТА САЛА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ СЕ ОДРЖА ЈАВНА КОНСУЛТАЦИЈА СОГЛАСНО ДОГОВОРОТ ПОМЕЃУ ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРАНСПОРТ ПРЕДВИДЕНА ВО ПРОЕКТНАТА АКТИВНОСТ „РАЗВИВАЊЕ НА ПЛАНОВИ ЗА ОДРЖЛИВА УРБАНА МОБИЛНОСТ ЗА 5 ОПШТИНИ И ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ОБУКА ЗА РАЗВИВАЊЕ И ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПЛАНОВИ ЗА ОДРЖЛИВА УРБАНА МОБИЛНОСТ“.



ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ЗАЕДНО СО ПРЕМИЕРОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПРОФ.Д-Р ХРИСТИЈАН МИЦКОСКИ, МИНИСТЕРОТ ЗА ТРАНСПОРТ АЛЕКСАНДАР НИКОЛОСКИ, ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ Д-Р СТОЈАНЧО РАМОВ И ПРАТЕНИЦИТЕ ВО РЕПУБЛИЧКОТО СОБРАНИЕ БЕА ВО ОБИКОЛКА НА НЕКОЛКУ ЛОКАЦИИ ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ КАДЕ СЕ ВО ТЕК ГРАДЕЖНИ АКТИВНОСТИ.



РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПАТ ОД СЕЛО РЕСАВА ДО СЕЛО ДАБНИШТЕ НА ПОВРШИНА ОД 13.400М2, ИНВЕСТИЦИЈА ВРЕДНА 25.200.000,00 ДЕНАРИ, РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПРИСТАПЕН ПАТ ДО МЕСТОТО ВИКАНО КОСОВЕЦ ПОКРАЈ ТИКВЕШКОТО ЕЗЕРО, НА ПОВРШИНА ОД 4800М2, ВО ВИСИНА ОД 12.100.000,00 ДЕНАРИ. ИСТО ТАКА БЕА ВО УВИД И НА ГРАДЕЖНИТЕ АКТИВНОСТИ ВО СЕЛО ДАБНИШТЕ КАДЕ СЕ ВРШИ РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ФЕКАЛНАТА КАНАЛИЗАЦИЈА.

СТАНУВА ЗБОР ЗА ПРОЕКТИ ОД ГОЛЕМО ЗНАЧЕЊЕ ЗА НАШИТЕ ЖИТЕЛИ ИНВЕСТИРАНИ ОД СТРАНА НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА.







# НАСТАНИ

СОЦИЈАЛНА УСЛУГА, ПОМОШ И НЕГА ВО ДОМОТ!

МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И ЦРВЕН КРСТ ОО КАВАДАРЦИ, ГО ПОТПИШАА НОВИОТ УПРАВЕН ДОГОВОР ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИТЕ УСЛУГИ ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.

ОВАА СОЦИЈАЛНА УСЛУГА СЕ РЕАЛИЗИРА ВЕЌЕ ЧЕТВРТА ГОДИНА ПО РЕД ВО ПАРТНЕРСТВО СО ЦРВЕН КРСТ ОД О ПШТИНА КАВАДАРЦИ, ВО СВОЈСТВО НА ДАВАТЕЛИ НА УСЛУГИ. УСЛУГАТА ОБЕЗБЕДУВА ПОМОШ ВО ВРШЕЊЕ НА ОСНОВНИ (ЛИЧНА ХИГИЕНА, ОБЛЕКУВАЊЕ, МОБИЛНОСТ ВО ДОМОТ, ХРАНЕЊЕ, КОРИСТЕЊЕ ТОАЛЕТ, МЕНУВАЊЕ НА ПЕЛЕНИ) И ИНСТРУМЕНТАЛНИ (ПОДДРШКА ПРИ ЧИСТЕЊЕ, ПОСРЕДУВАЊЕ ЗА ПОПРАВКИ, ПЕРЕЊЕ, ГОТВЕЊЕ, КУПУВАЊЕ ПРОДУКТИ, НАДВОРЕШНА МОБИЛНОСТ, ЗЕМАЊЕ МЕДИЦИНСКА ТЕРАПИЈА) АКТИВНОСТИ ОД СЕКОЈДНЕВНИОТ ЖИВОТ ДО 80 ЧАСА МЕСЕЧНО, ЗА ЛИЦА СО НАМАЛЕН ФУНКЦИОНАЛЕН КАПАЦИТЕТ КОИ НЕ МОЖАТ САМИ ДА СЕ ГРИЖАТ ЗА СЕБЕ, СО ЦЕЛ ДА ПРОДОЛЖАТ ДА ЖИВЕАТ ВО СОПСТВЕНИОТ ДОМ И ДА ВОДАТ НЕЗАВИСЕН ЖИВОТ ВО ЗАЕДНИЦАТА. УСЛУГАТА ОПФАЌА НАД 100 СТАРИ ЛИЦА, КОИ ЌЕ ЈА ДОБИВААТ ИСТАТА СОГЛАСНО ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ И ОБЕМОТ НА СОЦИЈАЛНИТЕ УСЛУГИ, НОРМАТИВИТЕ И СТАНДАРДИТЕ ЗА ДАВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИТЕ УСЛУГИ ПОМОШ И НЕГА ВО ДОМОТ. („СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РСМ“ БР.268/2019).

СИТЕ ЗАИНТЕРЕСИРАНИ КОРИСНИЦИ КОИ ИМААТ ПОТРЕБА ОД НЕГА ВО СОПСТВЕН ДОМ МОЖЕ ДА СЕ ОБРАТАТ ВО ПРОСТОРИИТЕ НА ЦРВЕН КРСТ.



ВО ПРОСТОРИИТЕ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ И ДЕКАНОТ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ, СПОРТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ СВ. „КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВОНР. ПРОФ. Д-Р ВЛАТКО НЕДЕЛКОВСКИ ПОТПИШАА МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТОТ „СОСТОЈБАТА НА ФИЗИЧКИОТ ФИТНЕС, НУТРИТИВНИОТ СТАТУС И СТАТУСОТ НА СТАПАЛАТА КАЈ ДЕЦАТА И МЛАДИТЕ ОД ОПШТИНА КАВАДАРЦИ“. ПРОЕКТОТ ВКЛУЧУВА МЕРЕЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА ФИЗИЧКИОТ РАЗВОЈ (ОТКРИВАЊЕ НА ТЕЛЕСНИ ДЕФОРМИТЕТИ) НА УЧЕНИЦИ ОД ВТОРО ДО ПЕТТО ОДДЕЛЕНИЕ. ВО ПРОЕКТОТ ЌЕ БИДАТ ВКЛУЧЕНИ 1460 УЧЕНИЦИ ОД ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА ПРИ ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.







# НАСТАНИ

МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ ВО СОРАБОТКА СО ОПШТИНИТЕ КАВАДАРЦИ, ВЕЛЕС, ГОСТИВАР И НЕГОТИНО И ПРЕДСТАВНИК ОД ЦЕНТАРОТ ЗА РАЗВОЈ СКОПСКИ ПЛАНСКИ ИЗВРШИЈА ПРОМОЦИЈА НА НАЦИОНАЛНАТА КАМПАЊА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД „ПОЗИТИВНА ПРОМЕНА".








ВИКЕНД ЗАБАВА НА СКИ ЦЕНТАР МИХАЈЛОВО!
НЕЗАБОРАВНА АВАНТУРА НА ПЛАНИНАТА КОЖУФ! СКИЈАЊЕ И РЕКРЕАЦИЈА НА СОВРШЕНО УРЕДЕНИ ПАТЕКИ
ДЕНСКА ЗАБАВА СО DJ БУЛИ – РИТАМ КОЈ ТЕ ДВИЖИ!
СОНЧЕВИ МОМЕНТИ И ПРЕКРАСНИ ЗИМСКИ ПЕЈЗАЖИ
ВИКЕНД ИСПОЛНЕТ СО АДРЕНАЛИН, МУЗИКА И ЗАБАВА!
СКИ ЦЕНТАР МИХАЈЛОВО

УБАВ ДЕН ЗА ПОБЕДА!
НАПРЕД ГФК ТИКВЕШ 1930 КАВАДАРЦИ/FC TIKVES 1930 KAVADARCI





# СВЕТИ ТРИФУН





СВЕТИ ТРИФУН 2025 ГОДИНА!
ВО ГАЛЕРИЈАТА ПРИ ДОМ НА КУЛТУРА "ИВАН МАЗОВ - КЛИМЕ" КАВАДАРЦИ БЕШЕ ОТВОРЕНА ИЗЛОЖБА НА ДЕЛА ОД ВАЛАНДОВСКАТА ЛИКОВНА КОЛОНИЈА 2024. ИЗЛОЖБАТА БЕШЕ САМО ПОЧЕТОК ОД ЧЕСТВУВАЊАТА НА ПРАЗНИКОТ "СВЕТИ ТРИФУН" ВО КАВАДАРЕЧКИОТ ДОМ НА КУЛТУРА. НА ИЗЛОЖБАТА БЕА ИЗЛОЖЕНИ ДЕЛА ОД ПОЗНАТИ ЛИКОВНИ УМЕТНИЦИ ОД ПОВЕЌЕ БАЛКАНСКИ ЗЕМЈИ!





СВЕТИ ТРИФУН 2025!
ВО РАМКИ НА „НЕДЕЛА НА ВИНО И ТРАДИЦИЈА" ВО ЧЕСТ НА СВЕТИ ТРИФУН, ПОД ПОКРОВИТЕЛСТВО НА ГРАДОНАЧАЛНИК И СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, БИБЛИОТЕКА ФЕТКИН ОРГАНИЗИРАШЕ ПРОМОЦИЈА НА СТИХОЗБИРКАТА „ДОМОТ НА ЉУБОВТА" ОД КАВАДАРЧАНКАТА АНИТА БОШКОВА.





СВЕТИ ТРИФУН 2025!
ПРАЗНУВАЊЕ НА СВЕТИ ТРИФУН СО ТОПОЛ ЧАЈ И ДЕГУСТАЦИЈА НА ВИНО НА ГРАДСКИ ПЛОШТАД СО НАЈУБАВИТЕ МАКЕДОНСКИ ПЕСНИ!
ЗА МНОГУ ГОДИНИ СВЕТИ ТРИФУН!

СВЕТИ ТРИФУН 2025!
ВО ПРЕСРЕТ НА ПРАЗНИКОТ СВЕТИ ТРИФУН, ВО ЈОУ БИБЛИОТЕКА ФЕТКИН КАВАДАРЦИ ТРАДИЦИОНАЛНО СЕ ОДРЖА НАСТАНОТ „ВИНО И ПОЕЗИЈА" ЗА СИТЕ ЉУБИТЕЛИ НА УБАВОТО ВИНО И ПИШАНИОТ ЗБОР!










ТРАДИЦИОНАЛНО ПО ПОВОД ОДБЕЛЕЖУВАЊЕТО НА ПРАЗНИКОТ СВЕТИ ТРИФУН, ВО САЛАТА ПРИ ДОМ НА КУЛТУРА „ИВАН МАЗОВ КЛИМЕ" КАВАДАРЦИ, СЕ ОДРЖА ПЕТТОТО ИЗДАНИЕ ПО РЕД НА МУЗИЧКИОТ ФЕСТИВАЛ СРМА, ФЕСТИВАЛ НА ИЗВОРНА, НАРОДНА И ТРАДИЦИОНАЛНА МУЗИКА, РЕАЛИЗИРАН ОД СТРАНА НА ЦЕНТАРОТ ЗА КУЛТУРА ПРИ ОПШТИНА КОВИН, РЕПУБЛИКА СРБИЈА И ООМБУ „ЛАЗО МИЦЕВ РАЛЕ" ОД ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.

# СВЕТИ ТРИФУН



СВЕТИ ТРИФУН 2025!
НА ГРАДСКИ ПЛОШТАД ИМАШЕ ДЕГУСТАЦИЈА НА НАЈДОБРОТО ВИНО ОД ТИКВЕШИЈАТА, НАЈВКУСНАТА ТРАДИЦИОНАЛНА МАКЕДОНСКА ХРАНА ПРИГОТВЕНА ОД НАШИТЕ ВРЕДНИ ДОМАЌИНКИ И ПРАЗНУВАЊЕ СО НАШАТА ИЗВОРНА МАКЕДОНСКА МУЗИКА!
ЗА МНОГУ ГОДИНИ!

ВО НАШЕТО УБАВО КАВАДАРЦИ И ОВАА ГОДИНА ГО СЛАВЕВМЕ ПРАЗНИКОТ НА ВИНОТО, ЧУВАР НА ЛОЗЈАТА И ЗАШТИТНИК НА ЛОЗАРИТЕ СВЕТИ ТРИФУН.
ПО ТОЈ ПОВОД И ОВАА ГОДИНА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ВО ПРОСТОРИИТЕ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ПРИРЕДИ КОКТЕЛ ПРИЕМ НА КОЈ ОСВЕН ДОМАЌИНИТЕ, ПРИСУСТВУВАА АМБАСАДОРИ, МИНИСТРИ, ПРАТЕНИЦИ, СОВЕТНИЦИ, ДРУГИ ГОСТИ, СЕКАКО ЗБОГАТЕН СО ДОБРО ВИНО И УБАВА МУЗИКА.
НА ЗДРАВЈЕ ЗА ЉУБОВ, СРЕЌА, ЗА СВЕТИ ТРИФУН, ЗА БЕРИЌЕТ И БОГАТ РОД, ЗА ТРАДИЦИЈАТА КОЈА НИЗ ВЕКОВИТЕ СЕ ЧУВА И НЕГУВА.
НЕКА Е ЧЕСТИТ СВ. ТРИФУН











ТРАДИЦИОНАЛНО ЗАКРОЈУВАЊЕ НА ВИНОВА ЛОЗА ВО ЗНАК НА ПРАЗНУВАЊЕ-ТО И ПРОШЕТКА ПО ИЗЛОЖБЕНИТЕ ШТАНДОВИ СО ВИНО И ПРОИЗВОДИ ОД ВИНО, НА ГРАДСКИ ПЛОШТАД КАВАДАРЦИ! КАКО, АКО НЕ СО ОНА ШТО НЕ ОДРЖУВА НИЗ ВЕКОВИТЕ, МАКЕДОНСКО ОРО, ВО ИЗВЕДБА НА НАШИТЕ КУЛТУР-НИ АМБАСАДОРИ ФОЛКЛОРНИОТ АНСАМБЛ ТИКВЕШ!
УШТЕ ЕДНАШ ВИ ГО ЧЕСТИТАМЕ ПРАЗНИКОТ СВЕТИ ТРИФУН.







53ТА СЕДНИЦА НА СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ!









Општинско јавно гласило

**КАВ’ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР**

**Издавач:** Општина Кавадарци - Локална самоуправа

**Уредник:** Лилјана Митрова

Дизајн: Петре Здравков

Насловна фотографија: Цветанка Камчева

**Печати:** печатница АРТ Принт Студио

Тираж 300 броја

**Бесплатен примерок**

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

ул. М. Тито 66, 1430 Кавадарци, Р. Македонија
**kavadarci.gov.mk**